**From:** Saso
**Sent:** Wednesday, May 20, 2020 11:04 AM
**To:**
**Cc:**
**Subject:** Одговор на Ваша претставка

Република Северна Македонија АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ СКОПЈЕ
Republika e Maqedonisë së Veriut AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE SHKUP

Примено / Pranuar: 20.05.2020

| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
|---|---|---|---|
| 03 | 13 | | |

Почитуван,

Во врска со Претставката (наш бр.03-13 од 18.05.2020 година), што на 17.05.2020 година ја доставивте во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Ве известуваме за следното:

1. За да ги провери наводите во претставката дека операторот ТОТАЛ ТВ бесправно ги реемитува програмските сервиси на ТВ Телма и ТВ Канал 5, на 18.05.2020 година Агенцијата спроведе вонреден програмски надзор, со којшто констатиравме дека операторот ТОТАЛ ТВ воопшто не ги реемитува овие два програмски сервиси. Писмениот извештај од извршниот програмски надзор (бр.11-2316/1 од 18.05.2020 година) можете да го најдете на нашата веб страница.

2. Во врска со наводите дека кај операторот Роби ДООЕЛ Штип *„...40% од прибирањето на наплатата оди во кеш...“* како и дека ТВ 24 Вести затајува данок при исплатата на надоместоците на вработените, Ве известуваме дека Агенцијата ја препрати претставката до надлежната институција.

3. Што се однесува до наводите во врска со незаконска поврзаност помеѓу операторот Роби ДООЕЛ Штип и ТВ 24 Вести, Ве известуваме дека Агенцијата претходно има поведено постапка за утврдување постење недозволена медиумска концентрација помеѓу овие два субјекти, при што од обезбедената документација не можеше да се констатира прекршување на ЗАВМУ.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ